# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Со Одлука бр.2102-358/4 од 23.6.2015 година донесена на 135. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научната област *меѓународни односи и историја на дипломатијата* на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за избор на наставници и асистенти-докторанди на единиците во состав на Универзитетот беше објавен на 3.6.2015 година во весниците „Утрински весник“, „Нова Македонија“ и „Коха“, а во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: м-р Анета Стојановска-Стефанова.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на член 124 и 125 од Законот за високо образование и член 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената комплетна документација согласно со Конкурсот, со особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика му го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Анета Стојановска-Стефанова** е родена на 28.1.1982 год. во Штип. Пријавената кандидатка е магистер на политички науки, област европска меѓународна политика и дипломатија. Основно образование завршува во Основното училиште „Димитар Влахов” во Штип, каде што е прогласена за најталентиран ученик на генерацијата 1995/1996 година. Средно образование завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, со одличен успех. За време на средношколскиот период е потпретседател на Унијата на средношколци на Р. Македонија.

Во учебната 1999/2000 година се запишува на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Отсекот за политички науки. Дипломира на 26 мај 2005 година со средна оценка 9.32 и се стекнува со стручен назив дипломиран политиколог.

Во периодот од декември 2004 година до септември 2005 година учествува на Long Distance Learning за европски интеграции: „Европски интеграции - Балканска перспектива“, организирани од страна на Белградската отворена школа, Центарот за проучување информациски технологии и Фондацијата „Улоф Палме“, во рамките на која го објавува завршниот труд „Историскиот развој на Европската унија (политичко-економско гледиште)“, стр. 11-30, во рамките на Zbornik radova polaznika regionalnog online programa Evropske integracije - pogled s Balkana“ (ISBN 86-83411-24-9).

За време на студирањето била стипендијант на германската Фондација „Конрад Аденауер“ и практикант во Собранието на Република Македонија преку американскиот Национален демократски институт (НДИ).

На постдипломски студии се запишува во 2007 година на Факултетот за политички науки и дипломатија на ФОН-Првиот приватен универзитет во Скопје, насока Меѓународна и европска политика и дипломатија. Студиите ги завршува со оценка 9,75 и во јули 2010 година ја пријавува темата „Уставно-правните и политички аспекти на надворешната политика, со посебен осврт на искуствата на Република Македонија“. На 29.11.2013 година кандидатката Стојановска-Стефанова успешно го брани магистерскиот труд и се стекнува со научен назив магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија.

За време на студирањето и потоа, активно објавува свои трудови во списанието „Став“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во списанието „Студентски збор“, во магазинот „Политичка мисла“ и во Зборникот на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Работно искуство***

Кандидатката Стојановска-Стефанова има претходно работно искуство.

Во периодот 1998-2000 година е уредник на средношколското списание „Мотив“ во Гимназијата „Славчо Стојменски“ - Штип. Од 2002 до 2003 година е практикант во Собранието на Република Македонија, преку Програмата за практиканти на американскиот Национален демократски институт (НДИ).

Во 2003-2005 година работи како координатор за односи со јавноста во француската рекламна агенција „Публицис“ - Скопје. Во 2005-2006 година е вработена во ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје на работната позиција - шеф на Кабинет на генерален директор.

Во периодот 2006-2007 година работи во Министерството за транспорт и врски како државен советник за стручна поддршка на министерот.

Од 2007 до 2011 година работи како помлад асистент, а од 2012 година како универзитетски асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (УГД). Од 2009 до 2013 година е советник во Советот на Град Скопје. На Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД спроведува часови по вежби по предметите Договори од меѓународен промет, Меѓународен транспорт и шпедиција, Трговско право, Логистички менаџмент, Комерцијална логистика, Економика на претпријатијата и Царинска тарифа.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање асистент-докторанд (чл. 125-а и чл. 21 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД)***

1. Завршен втор циклус студии од соодветното научно подрачје: кандидатката м-р Анета Стојановска-Стефанова е магистер на политички науки, област европска и меѓународна политика и дипломатија.
2. Остварен просечен успех од најмалку 8.50 на студиите на прв и втор циклус студии: кандидаткаата Анета Стојановска-Стефанова има остварено просечен успех од 9.32 на прв и 9.75 на втор циклус студии.
3. Има познавање од англиски јазик кое се докажува со меѓународно признаена потврда и тоа – Cambridge Certificate-B1.
4. Покажува способност за наставно-научна дејност и педагошка работа (најмалку 25 поени): кандидатката Анета има голем углед меѓу студентите кои се задоволни од начинот на реализација на вежбите и меѓу колегите од Катедрата за бизнис логистика на факултетот каде што реализира активности поврзани со наставата и истражувањата.
5. Има објавено минимум еден научен труд.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание или меѓународна научна публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| | Aneta Stojanovska-Stefanova, Drasko Atanasoski, Zoran Temelkov, Snezana Bardarova, Oliver Filiposki | “The Reforms in the Institutional Structure of the European Union in Compliance With the Lisbon Treaty”, | Journal of US-China Public Administration (ISSN 1548-6591) | Август 2014 |
| | Aneta Stojanovska, Snezana Bardarova , Drasko Atanasoski, Zoran Temelkov, Oliver Filiposki | Maastricht Treaty in the Shaping and Development of the Common Foreign and Security Policy (CFSP) | Journal of US-China Public Administration, (ISSN 1548-6591) | July 2014 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката активно учествува во наставно-образовна дејност преку учество на конференции, семинари, дебати и работилници организирани од домашни и меѓународни фондации и организации.

Објавува свои трудови во „Политичка мисла“, меѓународно списание за политичко-општествени теми чиј издавач е Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и Фондација „Конрад Аденауер“ - Скопје.

Во исто време, кандидатката е автор и коавтор на повеќе стручни трудови во зборници и домашни и меѓународни списанија.

Коавтор е на книгата „Европски и регионални искуства во делот на транспортната политика“, (2014), од авторите: Стојановска-Стефанова, Анета, Атанасоски, Драшко, во издание на Печатница „2 Август-Штип“ (ISBN 978 608 4662 32 7).

Кандидатката Стојановска-Стефанова е учесник во научниот проект на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД: Обучен центар за стручна подготовка на кандидати за полагање на стручен испит за стекнување сертификати за автотакси возачи.

Исто така, кандидатката особено е активна во бројни проекти за усогласување на македонското со европското законодавство во делот на транспортната политика, реформа на патарините и други активности во рамките на стартегии, планови, на државно ниво од посебен национален интерес.

За својата активност и учество во дополнителни обуки, кандидатката Стојановска-Стефанова се стекнува со сертификати од Школа за новинари, Правен факултет „Јустинијан Први”, Press Now, ОБСЕ, Струмица, Тетово и Скопје во 2003 година, сертификат за успешно завршен „Тренинг за легислативно работење”, од страна на Национален демократски институт во 2003 година, сертификат „Комуникациски вештини и тимска работа” од Центар за едукација и менаџмент „Мотива” во 2005 година, сертификат „Унапредување на менаџмент вештините“, Центар за образование и обука „Мотива“ во 2007 година; сертификат „Организирање ефикасни состаноци, мотивација и преговарање”, Центар за образование по менаџмент „Мотива” во 2008 година, како и сертификат „Управување со организациска култура“ од Центарот за образование и менаџмент „Мотива” во 2009 година.

Во 2007 година, согласно со решенија на Владата на Република Македонија, е именувана за претседател на Организациониот одбор за одбележување на Велик Петок и Втор ден Велигден, според православниот календар.

Во 2009 година е добитник на наградата за посебни заложби од страна на Канцеларијата на УСАИД во Скопје за докажано лидерство и континуирана поддршка во процесот на развој и имплементација на Автоматскиот систем за распределба на ЦЕМТ дозволи, како и за раст на транспарентноста, чесноста и посветеноста во рамките на проектот на УСАИД, наречен Е-Влада.

Во 2015 година, м-р Анета Стојановска-Стефанова е добитник на Орден на заслуги „Претеча“ за особен придонес во обновата на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител“.

***Научни и стручни трудови***

Кандидатката ја потенцира својата посветеност во творечка смисла со изготвување и објава на бројни стручни трудови од областа на меѓународното право и меѓународната политика.

Го проучува процесот на евроатланска интеграцијата на Република Македонија, работи на трудови во областа на дипломатијата, меѓународниот траноспорт, процесот на апроксимација на националното кон европското законодавство за меѓународна промоција на државите, анализи за паневропските коридори 8 и 10, функционалните системи во глобалниот транспорт и инфраструктурата, за меѓународните односи во делот на превоз на патници, стока во патниот сообраќај.

Кандидатката Стојановска-Стефанова одлично го говори англиски јазик за што поседува Cambridge Certificate-B1, а се служи и со германскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот, приложените документи и увидот во истите, впечаток е дека кандидатката м-р Анета Стојановска-Стефанова ги задоволува пропишаните критериуми согласно со член 9 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатката м-р Анета Стојановска-Стефанова ги исполнува сите законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, согласно со погоре цитираниот Правилник, за да биде избрана за асистент-докторанд за научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Кандидатката има наставно искуство, соодветно образование, многубројни учества во семинари, конференции, проекти, објавени научноистражувачки трудови и др.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да ја избере м-р Анета Стојановска-Стефанова за асистент-докторанд за научната област меѓународни односи и историја на дипломатијата и туристичка политика** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, доцент – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Нако Ташков, вонреден професор - член, с.р.**
**Проф. д-р Никола В. Димитров, вонреден професор – член, с.р.**